# BUSINESS ADVISORY SERVICES - BAS

**BAS (Business Advisory Services) е програма за деловно советување имплементирана од страна на тимот за поддршка на мали бизниси (Small Business Support - SBS) при Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), а во моментов финансирана од страна на Европската Унија.**

**BAS** обезбедува директна асистенција на микро, малите и средните фирми при дефинирање на нивните деловните проблеми и потреби и помага при избор на соодветни квалификувани локални консултанти согласно потребите, сѐ со цел развој на фирмите и подобрување на нивните бизнис перформанси.

**BAS** Програмата обезбедува грантови кои се движат од 25-75% од вкупната нето вредност на консултантските проекти и на тој начин ги кофинансира трошоците на фирмите за користење стручни консултанти.

Вообичаени области на асистенција (консултантски проекти) се: анализа и истражување на пазарот, развој на пазарна стратегија, брендирање, развој на електронски бизнис, стратешко и бизнис (инвестициско) планирање, физибилити студии, барање на стратешки партнери, реорганизација/реструктуирање, управување со човекови ресурси, менаџмент со логистика, финансиски менаџмент и менаџмент информациски системи, компјутеризирани системи за производство, инженерски студии, енергетски ревизии, проекти за обновливи извори на енергија и заштита на животната средина.

Фирмите треба да ги исполнуваат следните критериуми за да можат да користат поддршка од **BAS**:

- приватни локални фирми со не повеќе од 250 вработени,
- постоење на менаџерски тим отворен за соработка,
- да не припаѓаат на банкарски, воен, тутунски сектор или игри на среќа,
- да покажат потенцијал за раст,
- да имаат вистинска потреба за деловна помош,
- да се во можност да покријат дел од трошоците за проектот (25-75%).

**Контакт и дополнителни информации:**

Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)
**BAS (Business Advisory Services) програма за деловно советување**

СОРАВИА Центар Скопје, 7ми кат, ул. Филип Македонски бр. 3, Скопје

Веб страна: www.ebrd.com/sbs/macedonia

Тел: 02/3135-078; 02/3135-092

Е-адреса: kovachei@ebrd.com; petricht@ebrd.com ,